Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11 и член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 7 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3245/2 од 08.05.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 17-та седница одржана на 08.05.2015 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година**

**Член 1**

Во членот 9 по ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:
*„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, во подрачје со помалку од 10.000 жители, треба да биде 2 (две), од кои 1 (едно) вработено како новинар.“*

Постојниот став 5 станува став 6.

**Член 2**

Во членот 22 по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:
*„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, во подрачје со помалку од 21.000 жители, треба да биде 4 (четири), од кои 2 (две) вработени како новинари.“*

Постојниот став 7 станува став 8.

**Член 3**

Сите останати одредби од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година остануваат неизменети.

**Член 4**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 01-3336/1**
**08.05.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**